# Кои се клучните пораки и како ќе се користат?

## Што е EAAD?

Европскиот ден за подигнување на свесноста за антибиотици (EAAD) е европска здравствена иницијатива координирана од ЕЦПКБ, која има за цел да обезбеди платформа и поддршка за национални кампањи за рационална употреба на антибиотици. Секоја година низ Европа, EAAD се одбележува со национални кампањи за рационална употреба на антибиотици на или околу 18 ноември.

## Кои се клучните пораки и како ќе се користат?

За поддршка на комуникациските активности на национално ниво, ЕЦПКБ има подготвено неколку комуникациски пакети што содржат материјали-примероци и клучни пораки засновани на докази кои може да се приспособат за употреба на национално ниво.

Клучните пораки се темелот на секоја комуникациска кампања. Клучните пораки за новиот комуникациски пакет:

- Имаат за цел да создадат чувство на индивидуална одговорност во справувањето со антибиотската резистентност и да ги поттикнат професионалците да преземат дејство.
- Обезбедуваат збир на неоспорни тврдења, секое придружено со референца, кои треба да се користат како основа за содржината на материјалите-примероци;
- Опфаќаат различни професионалци кои работат во болници и други здравствени установи: раководители/администратори, специјалисти по инфективни болести, стручњаци за превенција и контрола на инфекции, епидемиолози, лекари кои препишуваат лекови, млади лекари и студенти, фармацевти, медицински сестри, клинички микробиолози и професионалци во одделите за итни случаи, единиците за интензивна нега и установите за долготрајна нега.

Проблемите поврзани со антибиотската резистентност може да се разликуваат во секоја земја од ЕУ/ЕЕО. Важно е да се нагласи дека материјалите-примероци развиени од ЕЦПКБ обезбедуваат основни информации и заеднички пораки, но ќе бидат најефективни доколку се приспособат според потребите и состојбите во секоја земја, па дури и во секоја болница или здравствена установа. Земјите би можеле да ги искористат националните податоци за антибиотска резистентност и потрошувачка на антибиотици

Classified as ECDC NORMAL

достапни од EARS-Net и ESAC-Net соодветно, и да се консултираат со националните стручни здруженија за најсоодветните алатки што треба да се користат во нивната земја.

# Што е „експертски консензус“?

Кога во овој документ, упатувањето на порака е означено како „експертски консензус“, ЕЦПКБ се однесува на договорот постигнат во опишаниот процес на одлучување, вклучувајќи внатрешна согласност на експертите на ЕЦПКБ, мислење на членовите на EAAD TAC и консултации со надворешни експерти и засегнати страни.